# ИЗВЕШТАЈ
## ОД МОНИТОРИНГ ПОСЕТА

*Воспитно-поправен дом*
*Тетово – Волковија*



ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И УСЛУГИ ЗА ДЕЦАТА И РАНЛИВИТЕ ЛИЦА ВО РИЗИК ВО ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ

# ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГ ПОСЕТА НА ВОСПИТНО-ПОПРАВНИОТ ДОМ ТЕТОВО – ВОЛКОВИЈА

**Издавач:**
Хелсиншки комитет за човекови права

**Авторки**:
Тона Карева Талеска и Александра Трајановска

**Лектор**:
Виолета Танчева-Златева

**Графички дизајн:**
Хамид Ариф

**Број на страници: 18**

**Тираж:** 15

**Скопје, 2026**

*This publication was funded by the European Union. Its contents are the sole responsibility of the Helsinki Committee for Human Rights Skopje and do not necessarily reflect the views of the European Union.*

Funded by the European Union

EU with YOU

HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

# СОДРЖИНА

01 Вовед 01

02 Општи информации 02

Податоци за вработените 04

Насилство 05

Дисциплински мерки и погодности 05

Исхрана 06

Здравствена заштита 07

Посети и комуникација 08

Материјални услови 09

Материјални услови – женско одделение 11

Образование 11

Подготовка за излез 13

03 Заклучоци 15

04 Препораки 16

# Вовед

Овој извештај беше изработен во рамки на проектот „Зајакнување на човековите права и услуги за децата и ранливите лица во ризик во затворени институции". Главна цел на проектот е да придонесе кон подобрување на услугите за целните групи преку пристап заснован врз човекови права. Специфичните цели се насочени кон подобрување на условите и кон заштита на човековите права, зајакнување на капацитетите на персоналот и поттикнување соработка меѓу институциите и заедницата.

Во рамките на проектните активности беше спроведена мониторинг посета на Воспитно-поправниот дом Тетово – Волковија, на 5 август 2025 година. Мониторингот беше спроведен од тим составен од: Тона Карева Талеска, Александра Трајановска, Лилјана Игњатова, Ивана Костовска, Татјана Донеска и Елена Георгиевска.

За време на посетата беа остварени разговори со управата и со персоналот на установата, вклучително и со претставници од затворската полиција, стручниот тим и административниот кадар, како и со деца кои издржуваат воспитно-поправна мерка.

Посетата беше спроведена врз основа на претходно изготвена методологија, а целта на мониторингот беше да се добие сеопфатна слика за условите за сместување, третманот и грижата за децата, здравствената заштита, пристапот до образование, комуникацијата со надворешниот свет, како и почитувањето на нивните права. Дополнително, мониторингот имаше за цел да согледа предизвици во функционирањето на установата и да даде препораки за унапредување на условите и услугите во согласност со националните и со меѓународните стандарди.

# Општи информации

Воспитно-поправниот дом Тетово се наоѓа во село Волковија и отворен е во ноември 2020 година. Вкупниот капацитет на објектот изнесува 110 лица, а во моментот на посетата бројката на лица изнесува 24 во ВПД Тетово, 1 лице се води во бегство (класично бегство од установата, во јуни 2024 година. Установата го известила судот, по што била распишана потерница, но лицето не е пронајдено) и 2 лица во малолетничкиот затвор Охрид, односно вкупно 27 лица. Беше истакнато дека за двете лица кои се во малолетничкиот затвор во Охрид, мерките за издржување воспитна мерка во воспитно-поправен дом не е прекината, иако се пратени до суд барања за преиспитување на мерките, за кои нема одговор, што практично значи дека по истекување на казната затвор, двете лица ќе треба да бидат вратени во Воспитно-поправниот дом Тетово. За една година, бројот на лица во ВПД Тетово е зголемен за 50 %. Исто така, во моментот има едно девојче кое издржува воспитна мерка, а моментално се наоѓа во КПУ Идризово, со оглед на тоа дека во ВПД Тетово е потребно да се направи преадаптација на простор, што уште не е готов. Преадаптацијата е потребна поради тоа што девојчето треба физички да се оддели од останатите лица од машки пол во домот, во согласност со стандардите. Едниот објект, кој моментално е празен, ќе се преадаптира во женски оддел на ВПД Тетово. За таа цел веќе е вработена една затворска полицајка, а уште две се со договор на дело. Се очекува во следните месеци девојчето да се префрли во ВПД Тетово, откако ќе се среди и просторот каде што би престојувало. Освен тоа, доколку се донесат измените на Законот за извршување санкции, предвидено е малолетничкиот затвор да се премести во овој дел во ВПД Тетово, па така и КПУ и ВПУ да бидат во една институција, за што навистина би требало да се размисли, со оглед на

различните потреби, начини и стандарди на постапување со децата кои издржуваат воспитна мерка и казна затвор. Во моментов има 2 групи – отворено одделение и една група затворено одделение. Нема група во полуотворено одделение, со оглед на тоа дека нема доволен број воспитувачи.

# Податоци за вработените

Вкупниот број на вработени лица во установата, покрај директорот, изнесува 41. Од нив, во затворската полиција се 24 (1 командир, 1 женско лице, 1 на неплатено отсуство, еден прераспределен за работа во кујна); во одделението за третман се 7 (1 раководител на одделение за третман – психолог), 4 воспитувачи (1 социјален работник, 1 дефектолог, 1 професор по математика и 1 професор по хемија); 2 учесници во стручниот тим (психолог и социјален работник, додека педагог нема); 2 инструктори (економија и угостителство) и 6 лица во администрацијата (1 раководител на општи правни работи, 1 одговорно лице за јавни набавки, 1 одговорно лице за човекови ресурси и 3 лица во сметководство). Се очекува еден од инструкторите во брзо време да оди во пензија. Вработените укажуваат дека постои недостиг на кадар, а имаат предизвици и во однос на соодветноста на дел од постојниот персонал. Во таа насока, до Управата за извршување на санкции е доставено барање за надминување на овие состојби, но до моментот не е добиен позитивен одговор. Вработените редовно посетуваат обуки и континуирана едукација од страна на Управата за извршување санкции, но сепак, го истакнаа како проблем тоа што нема обука при вработување. Вработените од затворската полиција работат сменски, односно работат по 12 часа, па по 24 часа одмораат. Затворската полиција истакна дека е потребно да се организираат така за да има во една смена најмалку 4 лица, но поради недостиг на кадар, тие оставаат по 3 лица во смена, што е под минимумот. Сметаат дека вкупно 24 затворски полицајци се малку за да може да се организираат со оглед на тековните годишни одмори, сменската работа, спроводите, боледувањата и бројот на деца. Воспитувачите работат едносменски, од понеделник до петок.

# Насилство

Во однос на насилството, беше истакнато дека се случува да има насилство меѓу децата, но ретко е физичко, главно се работи за вербални провокации и непочитување наредби од службени лица. Во однос на насилство кон персоналот, рекоа дека ретко се случува. Имало еден случај минатата година, кога едно лице нападнало затворски полицаец. Во однос на предметниот случај, лицето го потврдило настанот поврзан со нападот врз полициски службеник, при што навело дека дејствието се случило во момент кога било вратено по бегство, а според неговиот исказ, претходно било изложено на тортура, како и на физичко и вербално постапување од страна на затворскиот службеник. Во меѓувреме, лицето е дисциплински санкционирано и сè уште се наоѓа во установата, при што оттогаш не се евидентирани нови инциденти. Треба да се има предвид дека дел од наводите се оценети како неосновани. Исто така, истакнаа дека откако установата е во овој објект, бројот на бегства е намален. Затворската полиција обезбедува постојана безбедност, следење 24 часа, во објектите има камери, но не и во спалните соби и во тоалетите, а пендреци/оружје не носат со себе, туку го чуваат заклучено во шкаф.

# Дисциплински мерки и погодности

Дисциплинските мерки се применуваат во согласност со закон и доколку лицата сторат некој дисциплински прекршок. Тие се опомена, кратење или намалување на погодности, враќање од полуотворено во затворено одделение и мерка издвојување во посебна соба. Некогаш се случува да извршат и издвојување од 24 часа, додека

да се донесе Решение за дисциплинска мерка, кое го носи директорот, во кое време потоа се вбројува и еднодневното издвојување. Издвојувањето во посебна соба е во траење од 5 до 7 дена, во зависност од дисциплинскиот престап. Во овие соби лицата немаат телевизор и се изолирани од другите лица во установата. Децата истакнаа дека имаат силни негативни чувства кон овие соби за издвојување. Децата немаат пракса на поднесување жалби на решенијата за дисциплински мерки и не им се јасни постапките за жалби, иако постои правна поука и таква можност во Решението.

Погодностите што ги користат децата се во согласност со закон, односно 72 часа излез, отсуство од 3 дена, годишен одмор од 20, односно од 10 дена. Установата уредно води евиденција во пишани регистри за сите работи (дисциплински престапи, напредок...).

# Исхрана

Храната се подготвува во кујната во установата, која е чиста и нова. На секои две недели лекарот, готвачот и еден воспитувач прават мени. За време на викендите (сабота и недела) проверката на хигиената во кујната и во трпезаријата ја прават инструктор и самите деца корисници. Менито и храната се подготвуваат внимателно, за да има секој оброк по 14.600 килоџули, особено затоа што станува збор за млади лица. Секој ден има по 3 оброци, без дополнителни ужинки. Децата се задоволни од оброкот за ручек, но не и од појадокот и вечерата, кои често се месен нарезок, урда, конзерва риба, што не им се допаѓа. Дел од лицата во установата се работно анагажирани во кујната.

# Здравствена заштита

Во установата има целосно опремена амбуланта за преглед на децата и еден медицински техничар кој е вработен во Здравствен дом Тетово, а дава услуги во установата и работи едносменски од понеделник до петок, додека доктор и стоматолог доаѓаат еднаш неделно. Докторот (лекар од општа пракса) е вработен во Здравствен дом Тетово и работи во затворот во Тетово, а само во четвртоците доаѓа во Воспитно-поправниот дом. Со психијатар од Тетово установата има склучено договор на дело и тој доаѓа повремено, на повик. Во деновите кога нема лекар, попладне, навечер, за викенди и празници, на повик интервенира и брза помош, а затворската полиција истакна дека во попладневните часови и во викендите не можат секогаш да проценат дали навистина треба да повикаат брза помош или децата се обидуваат да манипулираат со нив. Беше истакнато дека сепак се поставува прашање за компетентноста на докторите од брза помош за нудење помош на овие деца. Исто така, установата е оддалечена 32 км од Тетово, што сепак може да влијае врз квалитетот на здравствена заштита што би им била и што им е обезбедена на децата. Сите лица не се здравствено осигурени и во моментот на посетата некои од нив имаа проблем со здравственото осигурување. Медицинскиот техничар ја дели терапијата на децата, која се чува заклучена. Од 2020 година немаат случај на самоповреда, а немале и случај на смрт или самоубиство. Вработените во установата вршат следење на децата, вклучувајќи ја и затворската полиција. За секое дете има посебно медицинско досие. Како еден од најголемите проблеми беше истакнат недостигот на детски психијатар, како и тешкотиите да се закаже термин на платформата „МојТермин“ за преглед и третман на деца со ментално нарушување. Помеѓу децата не е мал бројот на оние кои

употребуваат психоактивни супстанции; пред 4 месеци фатиле 5 деца кои преку фолија земале дрога. Дел од децата со кои е разговарано потврдуват дека земале хероин, а и резултатите од направените брзи тестови за опијати биле позитивни.

Здравствената евиденција постои за секое дете и се чува во амбулантата. Во здравствените картони евидентирани се дијагнози за употреба на психоактивни супстанции, вклучително и дијагноза за употреба на алкохол кај едно дете. Во картоните има евидентирано и хепатитис Ц, на кој се позитивни две деца, но не е забележано дека се преземени дополнителни истражувања и евентуален третман и имунизација за хепатитис Б. Дел од децата имаат тетоважи кои не ги направиле во домот, но сепак, потребно е да бидат тестирани за инфекции преносливи по крвен пат од евентуална нестерилна тетоважа, а и да бидат евентуално имунизирани за Б хепатитис. Во домот никогаш не е најдена опрема за инјектирање. Во здравствените картони има препишана терапија со мали и големи транкилизери (невролептици и седативи), некаде и по два бензодијазепински препарати. Добиена е информација дека децата сами бараат главно средства за смирување, некои од нив сакаат постојано да спијат, и претпладне и попладне, а некои бараат, но потоа не ги пијат лековите, а има и случај кога забележале дека едно дете го крие апчето. Во амбулантата нема лекови за предозирање од опијати, затоа што и доколку има случај на предозирање, најчесто нема кој да го аплицира лекот, односно треба да викаат брза помош.

# Посети и комуникација

Децата имаат право на неограничен број посети и на редовна комуникација со надворешниот свет. Доколку го бараат детето, тоа може да разговара во секое време. Од друга страна, секое дете има право двапати неделно на телефонски повици, но и на користење на таблет за видеокомуникација.

Телефоните и таблетот се наоѓаат кај воспитувачите и при телефонските повици е присутен воспитувач. Ова не е случај со децата кои се во затвореното одделение – тие имаат право на 10-минутен разговор на секои 10 дена. Децата немаат писмени преписки, но имаат право на неограничени пратки и посети. Истакнаа дека некои од нив немаат контакт со семејствата и дека тоа негативно влијае врз нивното ментално здравје, за што се пожалија и самите деца. Установата презема дејства за воспоставување однос со семејствата, како и со контактирање и известување на надлежните центри за социјална работа, но тоа не е секогаш успешно.

Во установата има регистар за дисциплински мерки: посебна соба, условна опомена, ограничување на поволности (отсуство 3 дена, годишен одмор 2 x 10 дена). Децата со кои е направен разговор најнегативно го доживуваат искуството со изолацијата во посебна соба, како и престојот на затвореното одделение.

Во установата има тетратка за поплаки, но децата со кои се разговораше не се информирани за оваа можност и таа не се користи. Освен тоа, поставени се и сандачиња за претставки и поплаки до Народниот правобранител, за што децата информираат дека, иако знаат дека такви сандачиња се поставени во дежураната просторија и на други места, се плашат да стават во нив поплака/жалба, затоа што ќе бидат видени кога го прават тоа.

# Материјални услови

Објектот е нов и засега сочуван, а условите постојано се унапредуваат. Ограден е со ограда и има решетки, кои персоналот ги смета за неопходни заради безбедноста на децата. Установата има приемно одделение, каде што има една соба за изолација во која моментално е изолирано едно дете кое има попреченост за да не ги напаѓа другите деца; но сепак, во текот на денот, во придружба на затворски полицаец, и тоа е заедно со останатите деца.

Во еден објект се сместени деца во затворено одделение, а во едниот објект се сместени деца во отворено одделение. Сите соби се опремени со кревети на 2 ката, маса, шкафчиња, телевизор и тоалет. Во собите има доволно дневна и вештачка светлина, нема влага и има добра вентилација и хигиена. Во установата има посебни простории за групна работа на децата, 2 училници, просторија за компонирање музика и училници за посетување настава. Еднаш неделно се организира компјутерско описменување, но и општо описменување за децата кои немаат образование и не се писмени. Во установата има и комплетно опремена берберница, а во 2023 година била спроведена обука и сега децата сами се потстрижуваат. Дворот на установата е опремен со игралиште со кош и гол, црквичка, летниковци, скара и фонтана кои се направени од децата, со помош на вработените во установата, како и бавча во која има насадено компир, домат, сливи итн. Децата имаат на располагање и една кујна за чај и кафе, соба за молење, како и пералница, во која е ангажирано едно дете за работно остручување, со цел стекнување одредени навики. Во објектот има, исто така, и опремена берберница и фитнес-сала. Во салата има можност за истовремено користење од 4 деца и таа работи од 12 до 13 и од 16 до 17 часот. Децата од затвореното одделение немаат право да ја користат фитнес-салата. Во објектот има и работилница, во која во моментот децата се работно ангажирани за изработка на завеси против инсекти, за кои материјал дава општествено одговорна компанија. За работната ангажираност добиваат надоместок за секоја изработена завеса, кој им го чуваат воспитувачите. Висината на надоместокот зависи од учинокот. Децата кои се ангажирани во кујната и економијата не добиваат надоместок – го добиваат доколку изработат пластични завеси.

# Материјални услови - женско одделение

Во рамки на проектот „Зајакнување на човековите права и услуги за децата и ранливите лица во ризик во затворени институции", финансиран од Европската Унија, Хелсиншкиот комитет за човекови права помогна во опремувањето на женското одделение во Воспитно-поправниот дом Тетово. Во одделението се поставија нов мебел, основна опрема, средства за рекреација, како и дополнителни ресурси кои придонесуваат за побезбедна, подостоинствена и попоттикнувачка средина за женските лица кои издржуваат воспитно-поправна мерка. Со тоа значително се подобруваат квалитетот на секојдневниот престој и можностите за личен развој. Во женското одделение во овој момент има една корисничка, која ни го сподели своето видување за направените подобрувања:

*„Во Идризово седев 9 месеци, по 22 саати во соба. Тука ми е подобро, зашто не сум затворена, имам подруги активности, како спорт, пинг-понг, пилатес, и имам поголем простор кај да се движам. Можам да ја користам дневната, кај што има убав мебел и телевизор."*

# Образование

Бројот на деца кои се неписмени и немаат дооформено основно образование е голем (20). Формалното образование кое се спроведуваше во Воспитно-поправниот дом беше ставено во прекин од септември 2021 година до јули 2022 година, со завршување на проектот меѓу УНДП и Министерството за образование и наука.

Со тоа, децата кои издржуваат воспитно-поправна мерка беа лишени од правото на образование, кое има суштествено значење за нивниот процес на ресоцијализација. Образовниот процес потоа повторно продолжи да се спроведува во установата, но и овој пат со проект поддржан од УНДП. Децата кои веќе имаат завршено некој повисок степен на образование слушаат десетина наставни предмети, додека другите деца слушаат 3 наставни предмети, и тоа македонски јазик, англиски јазик и математика. Наставата се спроведува во рамки на установата преку ангажирани наставници од училиштето за возрасни „Макаренко“ во Општина Чаир, Скопје. За жал, образовниот процес е само неформален, односно децата кои ја посетуваат наставата се стекнуваат со потврди на крајот од учебната година, а не со формално свидетелство, кое не треба да се разликува од она кое децата го добиваат надвор во училиштата. На овој начин, образованието кое децата го добиваат во установата не е еднакво со образованието кое го добиваат децата надвор, поради што имаат тешкотии при вработување, полагање испит за возачка дозвола итн. Се очекува овој проблем да се реши од оваа учебна година, во согласност со законските измени од 2025 година, со кои се предвиде основното образование во воспитно-поправните установи да се реализира по посебен наставен план и наставни програми, од основно училиште кое има верификација за основно образование за возрасни и деца во воспитно-поправни установи и кое спроведува настава на мајчиниот јазик на ученикот во воспитно-поправните установи. Исто така, со измените од јануари 2025 година на Законот за основно образование, се додаде нов член, кој гласи:

**Член 15-а**

(1) Децата во воспитно-поправните установи имаат право на основно образование под еднакви услови, согласно овој закон.

(2) За децата од ставот (1) на овој член, кои не биле вклучени во настава и се на возраст под 16 години, се врши проверка на нивното претходно знаење заради вклучување во соодветно одделение на основното образование.

(3) Проверката на знаењата на децата од ставот (2) на овој член, ја врши основното училиште за образование на возрасни и деца во воспитно-поправни установи, со тестови и усни проверки, утврдени од Бирото. По извршената проверка на знаењето, основното училиште издава потврда со која детето се запишува во соодветното одделение на основно образование.
(4) Децата од ставот (1) на овој член, кои претходно биле вклучени во настава и се со возраст под 16 години, се запишуваат во соодветното одделение на основното образование врз основа на последно издадено свидетелство за завршено одделение.
(5) Формата и содржината на потврдата од ставот (3) на овој член, ги пропишува министерот, на предлог на Бирото.

Исто така, во согласност со Законот за средно образование, средното образование се организира и се остварува и во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, како и во домашни услови, а го спроведува регионален центар за стручно образование и обука. Дополнително, преку неформални начини и проекти, повеќе деца имаат добиено сертификати за занаетчии, за што треба да имаат 18 месеци престој и да се работно ангажирани. Исто така, во минатото имале повеќе активности за работно остручување – столар, шнајдер, козметичар и слично. Во 2025 година успешно започна и се спроведува процесот на образование.

# Подготовка за излез

При подготовката за излез се известува надлежниот центар за социјални работи, со цел да остварат некои социјални права – еднократна помош, но не им се помага со наоѓање работа или домување. Некогаш преку лични врски се обезбедуваат работа и домување за децата. И вработените истакнаа дека е особено значајно да заживее социјалната услуга „Куќа на пола пат“, со цел да се

обезбеди помош за реинтеграција на овие деца во општеството. Исто така, потребна е зголемена работа и со семејствата и за време на издржување на мерката, но и пред отпуст, затоа што постои ризик од враќање на детето во иста негативна средина и повторување на негативното дејствие. Моментално со семејствата само се извршува советодавен разговор. Покрај тоа, потребно е воспоставување на ефикасен систем за наоѓање работа и поголеми фондови за помош на децата по нивното излегување, а секако, и поголема ефикасна и ефективна вклученост на Центарот за социјални работи.

# Заклучоци

Мониторинг посетата на Воспитно-поправниот дом Тетово – Волковија покажа дека установата располага со релативно добри материјални услови и инфраструктура, кои овозможуваат достоинствен престој на децата. Сепак, беа утврдени значајни системски недостатоци кои влијаат врз квалитетот на третманот и заштитата на правата на децата.

Клучен предизвик претставува недостигот на стручен и безбедносен кадар, што директно влијае врз организацијата на работата, безбедноста и можноста за обезбедување индивидуализиран пристап кон децата. Дополнително, постои недоволна достапност до здравствени услуги, особено за менталното здравје, како и отсуство на континуирана психијатриска поддршка.

Иако образовниот процес е повторно воспоставен, неговото привремено прекинување негативно влијаеше врз понатамошната ресоцијализација и интеграција на децата. Присутни се и предизвици во однос на дисциплинските мерки, особено примената на изолација, која децата ја доживуваат како особено тешка. (Според ЗИС, член 363, за децата не се применува мерката самица, туку издвојување во посебна соба, во траење од 5 до 7 дена, во кој период стручниот тим презема посебни корективни активности со децата, а за секое дете кое е упатено во посебна соба се изготвува Програма за работа со предвидени превоспитни активности за секој ден од престојот. Исто така, за време на престојот децата посетуваат настава и сите други форми на проектни активности, а примаат и посети.)

Дополнително, постои недоволна информираност и доверба кај децата во механизмите за заштита на нивните права, особено за поднесување поплаки. Подготовката за излез од установата е ограничена и не обезбедува системска поддршка за реинтеграција во заедницата.

# Препораки

Врз основа на наодите од извештајот, се даваат следниве препораки:

## ВО ОДНОС НА КАДАРОТ И ОРГАНИЗАЦИЈАТА:

- *Да се зголеми бројот на вработени, особено во затворската полиција и стручниот кадар (педагози, психолози и социјални работници). Дополнително, итно и неопходно е ангажирање на инструктори, имајќи предвид дека во моментов не е ангажиран ниту еден, поради што воспитувачите се принудени да ја преземаат нивната улога, иако тоа не соодветствува со нивните надлежности, ниту со нивните стручни компетенции и вештини.*
- *Да се воспостави задолжителна почетна обука за нововработениот кадар, покрај континуираната едукација.*
- *Да се обезбеди соодветен број на персонал по смена, во согласност со безбедносните стандарди.*

## ВО ОДНОС НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА:

- *Да се обезбеди редовно присуство на детски психијатар и унапредување на услугите за ментално здравје.*
- *Да се подобри пристапот до здравствено осигурување за сите деца.*
- *Да се воведат протоколи за третман на зависности и редовен скрининг за заразни болести.*
- *Да се обезбеди соодветна терапија и опрема за итни случаи (вклучително и за предозирање).*

## ВО ОДНОС НА ДИСЦИПЛИНСКИТЕ МЕРКИ:

- *Примената на издвојување во посебна просторија е законски уредена и соодветно организирана според Законот за извршување на санкции и релевантните стандарди. Во согласност со член 363, за деца не се применува мерката самица, туку издвојување во посебна просторија во траење од 5 до 7 дена, при што е предвидена активна вклученост на стручниот тим преку индивидуализирани програми со превоспитни активности.*
- *Сепак, потребно е оваа мерка доследно да се применува исклучиво како крајна опција, во случаи кога другите воспитни и корективни пристапи не дале резултат, при што треба да се обезбеди нејзина пропорционалност и оправданост во секој поединечен случај.*
- *Да се унапреди информираноста на децата за нивното право на жалба и за достапните правни механизми, при што оваа активност треба континуирано да се спроведува од страна на надлежната правна служба во установата, во рамки на нејзините законски утврдени обврски.*

## ВО ОДНОС НА ОБРАЗОВАНИЕТО:

- *Да се обезбеди целосно формално образование кое ќе резултира со стекнување на признати свидетелства, при што се констатира дека од 01.10.2025 година е воспоставен организиран и континуиран образовен процес од формален карактер, кој опфаќа и основно и средно образование.*
- *Да се прошири опсегот на образовни и стручни програми за сите деца.*
- *Да се обезбеди континуитет на образовниот процес без прекини.*

## ВО ОДНОС НА УСЛОВИТЕ И ТРЕТМАНОТ:

- *Да се заврши и стави во функција женското одделение без одлагање. (Ставено од 8.10.2025 г., со префрлање на женското дете од Идризово.)*
- *Да се обезбеди еднаков пристап до активности за сите деца, вклучувајќи ги и оние во затвореното одделение.*
- *Да се унапредат квалитетот и разновидноста на исхраната.*

## ВО ОДНОС НА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА:

- *Да се обезбеди функционален и доверлив механизам за поднесување поплаки.*
- *Да се зголеми довербата на децата во институционалната заштита преку анонимни и безбедни канали.*

## ВО ОДНОС НА РЕИНТЕГРАЦИЈАТА:

- *Да се воспостави функционален систем за подготовка за излегување, вклучително и вработување и домување.*
- *Да се развијат и да се применуваат услуги како што е „Куќа на пола пат“.*
- *Да се зајакне соработката со центрите за социјална работа и да се зголеми нивната активна вклученост.*
- *Да се унапредат соработката и координацијата со семејствата на децата за време и по престојот во установата. Притоа, примарната надлежност за директна работа со семејствата е во рамки на центрите за социјална работа, додека установата останува фокусирана на својата целна група – децата упатени во Воспитно-поправниот дом*